# АНТИКОРОЗИН БР

*Антикорозивен премаз во боја, за заштита на бетонски површини произведен врз база на синтетички смоли и растворувачи.*
*Одговара на: EN 1504-2 (како заштитен премаз), 1.3 (C) - површинска заштита од продори, метода 2.2 (C) - контрола на влага,метода 8.2(C)- зголемена отпорност.*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За завршна антикорозивна и декоративна обработка на стари, нови и репарирани бетонски површини. Се препорачува кај конструкции изложени на атмосферски влијанија, мраз, соли, како и блага хемиска агресија: АБ мостови, потпорни ѕидови,АБ фасадни елементи, силоси, индустриски објекти, фабрики, тунели, пристанишни објекти и сл.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентна хомогена вискозна смеса;
- Поседува одлична адхезија за подлогата;
- Го спречува процесот на карбонизација;
- Постојан е на мраз, сол, солена вода и други атмосферски влијанија;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;
- Водоотпорен;
- Паропропусен;
- Нетоксичен (во врзана состојба);
- УВ-стабилен;
- Бактериолошки отпорен;
- Едноставна изведба;
- Лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Пастозна смеса во боја |
| Густина | EN ISO 2811-1 | (1,55 – 1,65) g/cm³ |
| Временски период помеѓу два слоја на температура од 20 - 25 C | | 3-4 h |
| Пропустливост на водена пареа | ISO 7783 | Класа I,Sd < 5 m |
| Капиларна апсорпција | EN 1062-3 | < 0,1 kg/(m²·h$^{0,5}$) |
| Атхезивна јакост (врска) | EN 1542 | ≥ 2 MPa |
| Термичка компатибилност (мрзнење/размрзнување со соли за одмрзнување) | EN 13687-1 | ≥ 2 MPa |
| Пропустливост на CO2 | EN 1062-6 | Sd>50m |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Антикорозин БР се нанесува на подлога од бетон или цементен малтер. Подлогата треба да биде здрава, чиста, обезмастена и обеспрашена. Максималната дозволена влажност на подлогата изнесува 7%, температура на подлогата треба да е >5°C, додека амбиенталната температура треба да е во границите од 5°C до 35°C.
Бетонската подлога на која се нанесува Антикорозин БР да биде стара минимум 14 дена. Доколку Антикорозин БР се нанесува на бетонска подлога на која претходно има изведено премази , тогаш



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

треба да се испита стабилноста на постоечкиот премаз и истиот треба да има јакост на атхезија ≥1,0 MPa. Доколку јакоста на атхезија не задоволува, постоечките премази треба да се отстранат по механички пат или со пескарење, се до постигнување на здрава бетонска подлога која ке овозможи постигнување на јака врска со новонанесуваните премази од Антикорозин БР. Да не се нанесува врз постоечки премази на водена основа.
Во текот на првите 24 часа по изведбата на премазот неопходно е да се заштити од врнежи, мраз, силен провев и прашина.

**ВГРАДУВАЊЕ И НЕГА**

Вградувањето се врши со четка или валјак во два слоја или машински со распрскување до посакуваниот изглед. Материјалот за првиот слој се разредува со додавање на 5-8% Растворувач П и се меша со бавен електричен мешач до потполна хомогенизација. За нанесување на наредните слоеви материјалот може да се разреди до 5% со Растворувач П. Временското растојание помеѓу нанесувањето на слоевите изнесува 4 часа при температура од 20°C. Секој нареден нанос се нанесува во нормален правец во однос на предходниот. При нанесување на Антикорозин БР, третираните површини треба да бидат заштитени од врнежи и силен провев во период до 24 часа.
Машинско нанесување:
- притисок (150 - 200) bar.
- агол на прскање: под агол од 60°-90° во однос на подлогата и на растојание од 20 – 40cm.

## ПОТРОШУВАЧКА:

за еден слој: 0,25-0,30 kg/m²
за два слоја: 0,50-0,60 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ НА АЛАТОТ И ОПРЕМАТА:

Алатот и опремата, веднаш по употребата се чистат со РАСТВОРУВАЧ П.

## ПАКУВАЊЕ

Во лимени канти од 4 и 20 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце и замрзнување,подалеку од извор на топлина/искри. Рок на употреба 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL 7032, RAL 9003.

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## CE ОЗНАКА :

CE

2032

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат(улица 1409)бр.11, 1060**

**Скопје, Северна Македонија**

**17**

**GGCE0XX/6**

**EN 1504-2:2004**

**АНТИКОРОЗИН БР**

**Антикорозивен премаз за површинска заштита на бетон од продори и контрола на влага**

| | |
|---|---|
| **Пропустливост на водена пареа:** | **Класа I,Sd < 5 m** |
| **Капиларна абсорпција:** | **w < 0,1 kg/m²· h$^{0,5}$** |
| **Термичка компатибилност Дел 1: Мрзнење/ размрзнување со соли за одмрзнување** | **Јакост на врската по 50 циклуси мрзнење - размрзнување ≥ 2 N/mm²** |
| **Адхезивна јакост со pull-off тест:** | **≥ 2 N/mm²** |
| **Паропропустливост на CO2:** | **Sd>50m** |
| **Реакција на пожар::** | **Евроклаcа F** |
| **Опасни супстанции:** | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето: Производот содржи реактивни состојки кои во неврзана состојба штетно влијаат на здравјето. При ракувањето задолжително е користење на заштитна опрема: ракавици, маски за очи, респираторна маска. Да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот веднаш да се измие со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднаш да се побара медицинска помош.
Пожар: Антикорозин БР И Растворувач П содржат запаливи состојки. Не треба да се во близина на отворен оган или да се пуши за време на апликацијата.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Антикорозин БР се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема. Дополнителни податоци за производот се дадени во Безбедносниот Лист.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk